НОВА МАКЕДОНИЈА

# Пензионерски видици

ПРИЛОГ ЗА ПЕНЗИОНЕРИ

Година I
број 12
30 декември
2005 год.



## СРЕЌНА НОВА 2006 ГОДИНА

## Собрание на СЗПМ

Собранието на СЗПМ на 28 декември ја одржа седмата седница на која беше усвоена програмата за работа на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија и Нацрт акциониот план за имплементација на програмата за работа на СЗПМ за период 2006 - 2008 год.;

Беше донесена и одлука за времено финансирање на СЗПМ во 2006 година.;

На Скопски саем

## Петти форум на граѓанско општество и „Зелс експо“




Во халите на Скопски саем од 9 до 11 декември се одржа НВО Саем-5-ти форум на граѓанско општество во Македонија и третиот саем на општините "Зелс експо 2005".

На саемот на невладините организации учество зедоа околу 230 организации од земјата и регионот, кои својата работа ја презентираа на 118 штандови, меѓу кои беше и на **Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија.** При разгледувањe на саемот овој штанд го посети и претседателот на Република Македонија **Бранко Црвенковски,** кој притоа беше пречекан од потпретседателот на СЗПМ **Андон Марковски** и информиран за пензионерската организираност и за активностите во годината што изминува. Во оваа пригода на претседателот Црвенковски му беше врачено колор издание од Десеттите јубилејни републички пензионерски спортски натпревари.



На саемот, потпретседателот на СЗПМ Андон Марковски оствари средба со **Ерван Фуере,** специјален претставник на Европската унија и шеф на мисијата на Европската комисија во нашата земја и со министерот за труд и социјална политика **Стевче Јакимовски.**

На оваа саемска манифестација носечка тема беше децентрализација, а фокус земја Албанија, но посебно внимание му беше посветено и на европската интеграција на Македонија, на невработеноста, на сиромаштијата и корупцијата. Во панел дискусијата за "Сиромаштијата и сиромашното домување во Македонија-што можеме да направиме" учествуваше потпретседателот Марковски со заложба да се изнајдат можности за зголемување на ниските пензии, бидејќи околу 140.000 пензионери во нашата земја примаат месечна пензија во висина од 3.200 до 5.000 денари. Тој ја истакна и потребата од изградба на два нови пензиоенрски домови во Скопје.

Потпретседателот на СЗПМ Андон Марковски преку "Пензионерски видици" изрази благодарност на Управата на Скопски саем за воведената практика на слободен влез на пензионерите за сите саемски манифестации.

**Д.А.**

Новогодишно интервју со **Душко Шурбановски**, претседател на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија

# Интензивни активности



Душко ШУРБАНОВСКИ

**Измина уште една година, Претседателе Шурбановски што беше карактеристично во активноста на Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија во 2005 година?**

Во 2005 год. како впрочем и во сите години на транзицијата во Македонија, на Сојузот на пензионерите и здруженијата на пензионерите здружени во него основна преокупација им беше настојувањата пред органите на Државата за заштита и унапредување на правата од пензиското и инвалидското осигурување и здравствената заштита на пензионерите.

Белег на активностите во 2005 год. оставаат пензионерските контакти со Собранието на Р.Македонија преку иницирање неколку предлози за донесување на закони и измени на закони од областа на пензиското и инвалидското осигурување и здравствената заштита. До Собранието доставивме Иницијатива за донесување Закон со кој ќе се пропише продолжување исплата на разликата на пензијата по основ на долг создаден со намалување на пензиите во 1993 год. со чл.6 на Законот за исплата на плати и пензии. Органите на Сојузот поддржани од раководства на здруженијата, овој предлог претходно му го изнесоа на претседателот на Владата на Р.Македонија.Со продолжувањето на исплатата на долгот по основ на 8% органите на Сојузот сметаат дека на таков начин ќе се компензираат штетите што ги претрпеа пензионерите со примена на неуставната одредба на Законот за исплата на плати и пензии.Пензионерите бараат да се оствари правото на камата за времето додека ФПИОМ не започна со исплатата на правото по основ на 8%. Со продолжување на исплатата на разликата на пензиите по основ на долгот од 8% започнувајќи од мај 2005 година ќе се компензира каматата и штетата предизвикана со неуставната одредба на ЗИПП по основ на начинот на усогласување на пензиите. Со укинатиот член 6 на ЗИПП беше пропишано, спротивно на решението утврдено со системскиот Закон за ПИОМ (чл.37),усогласувањето да се врши според порастот на просечно исплатените плати во претходното шестомесечие. Вакво барање содржеше и Пресудата на Врховниот суд донесена на општа седница на Судот во 1997 година по барањето на Јавниот обвинител на Македонија за заштита на законитоста.Фондот тоа не го почитуваше и создаде нови проблеми и последици што се чуствуваат и денес.

Во 2005 година СЗПМ поднесе Иницијатива до Уставниот суд на РМ за оценка на согласноста со Уставот на РМ на измените и дополнувањата на чл.37 од Законот за ПИОМ (усогласување на пензиите).

Уставниот суд не извести дека не повел постапка за оценка на согласноста на оваа измена на Законот со Уставот. До Собранието и до Владата во 2005 година беа доставени и други предлози и иницијативи за подобрување на положбата на пензионерите.

Во 2005 година се одржаа 10-те пензионерски спортски натпревари под покровителство на претседателот на Владата кои преставуваа мал јубилеј за пензионерските спортувања.

Масовноста и оваа година не



изостана.

Во областа на Културно-забавниот живот на пензионерите 2005 година ќе остане забележана по одржувањето на Републичка фолклорна пензионерска ревија како завршна манифестација на трите регионални ревии во Тетово, Кочани и Неготино.На Ревијата беше изразена желба на пензионерите таа да стане традиционална и да прерасне во Фестивал на игри и песни на пензионерите на Македонија.

**Кај пензионерите во фокусот на вниманието беа и прашањата од здравствена грижа, за унапредувањето на здравствената заштита и обезбедување со лекарства. Што е направено на овој план?**

Здравствената заштита на пензионерите во континуитет е предмет на внимание и активности на Сојузот, но и на здруженијата на пензионерите . Продолжија непосредни инсистирања до УО на Фондот за здравство преку нашиот претставник на Управниот одбор на Фондот . За нередовната снабденост со лекови од позитивна листа поплаките на здруженијата на пензионерите не стивнуваат.

И во областа на организација и функционирање на мрежата на здравствените установи во државата има поплаки од корисниците на пензија.За сите овие прашања побарано е да се разговара со Министерот за здравство и Директорот на Фондот за здравство.

Во областа на здравствената заштита во 2005 година беше поднесена Иницијатива до Собранието и до Владата на РМ за создавање законски услови, осигурениците непречено да ги користат услугите на здравствените установи и право на лекарства од позитивната листа и во случај на подолго отсуство од местото на живеење.

**Како се остварува соработката со Фондот за пензиско и инвалидско осигурување и што е со Иницијативата за дополнување на Законот за пензиско и инвалидско осигурување?**

Соработката со Фондот се остварува катадневно, не само со раководството и УО, туку повеќе со стручната служба за прашања од остварувањата на правата на пензионерите .Јас учествувам на седниците на УО на ФПИОМ, но во својство на гостин.Пензионерите официелно немаат свој претставник во УО на Фондот затоа Сојузот поднесе Иницијатива до Собранието и до Владата со која баравме Собранието да го измени ЗПИОМ на начин што членовите на УО да ги именува Собранието, а во УО да има свои претставници и СЗПМ.

До Управниот одбор на Фондот е доставена комплет документација за законско уредување на продолжување на исплатата на разликата на пензијата по основ на 8%.Од Фондот немаме одговор.

Со Фондот имаме добра соработка по прашања за сервисирањето од пензиите за солидарните фондови на здруженијата со исключок на сервисирањето на овие средства за четири инвалидски здруженија кои се членови на СЗПМ.Затоа поднесовме Иницијатива до Собранието за дополнување на Законот за ПИОМ за создавање обврска за Фондот да врши задршка од пензиите за алиментирање на солидарните фондови.

**Ја предводевте делегацијата на СЗПМ на Конгресот на ЕУРАК во Љубљана.Какви се впечатоците од организирањето на пензионерите во Европа?**

На 29 и 30 септември и 1 октомври 2005 година, на покана на домаќинот на 18 Конгрес на ЕУРАК-асоцијацијата на пензионерите на Словенија присуствувавме на Конгресот на ЕУРАК-Европската асоцијација за заштита на стари лица.Конгресот расправаше за феномените на стареењето и животот на оваа популација на населението.Ние настапивме со излагање преку кое ги запознавме присутните со организираноста на Сојузот, областите на делувањето со нагласок на културно - забавните пензионерски самодејности, спортските активности и заштитата и унапредувањето на правата на пензионерите. Јас ги поздравив присутните, на македонски јазик.Председавачката на секцијата изрази задоволство што им се обратив на македонски јазик.Имаше прашање по излагањето за животот на нашите пензионери, особено се интересираа како материјално опстојуваат пензионерите со толку ниски пензиски примања.

Се запознавме лично со претседателката на ЕУРАК на која и врачивме"Монографија за 50 - годишниот развој на пензионерската организација на Македонија " со превод на англиски и " Билтени " од одржаните спортски натпревари и културно- забавните ревии во минатата година.Ни беше ветено дека на наредниот конгрес, што ќе се одржи во Мадрид ќе бидеме примени за редовна членка на асоцијацијата. Бевме претставени како делегација од Република Македонија.



Повеќе успешни настапи на ансамбли на првата републичка фолклорна пензионерска ревија

**Во органите на СЗПМ се разгледуваат новите програмски задачи за периодот 2006-2008година . Кои се основните постулати на нацрт Програмата и акциониот план за нејзиното спроведување?**

Во минатата година Европската агенциа за реконструкција објави повик до невладини организации за донација за "јакнење на капацитетот на организацијата ".Конкурираме со барање за опремување на здруженијата на пензионерите - членки на СЗПМ со компјутери. Баравме и средства за обука на ракувачи со компјутерите. Европската агенција за реконструкција преку Данскиот совет за бегалци изврши избор на апликантите според проектот и од 106 апликанти избра 6 меѓу нив и нас. Данскиот совет за бегалци учествуваше во изготвување Програма за среднорочен развој на Сојузот. Утврдена е "Визијата" и "Мисијата "на СЗПМ и областите на делување за период 2006-2008 година :

а) Заштита и унапредување на интересите и правата на пензионерите во областите на пензиското, инвалидското и здравственото осигурување

б) Унапредување и развој на солидарните фондови на здруженијата

в)Подобрување на квалитетот на општествениот живот на пензионерите и

г)Институционален развој и организациско јакнење на СЗПМ.

Со Програмата се планира создавање на интерпарламентарна група од пратеници во Собранието на РМ која ќе лобира во Собраниието на РМ за донесување закони и други акти иницирани од СЗПМ кои се од интерес за пензионерите.

Програмата ја разгледа и усвои Извршниот одбор на СЗПМ и највисокиот орган на Сојузот - Собранието.

**Во 2006 се навршуваат 60 години од постоењето на пензионерската асоцијација во Македонија. Како ке се обележи овој значаен јубилеј?**

Дваесети септември со Статутот на СЗПМ е прогласен за ден на пензионерската организација на Македонија. Во 1996 година беше обележана 50 годишнина со свечана академија. И наредната 2006 година ќе се организира свечено одбележување. За таа цел во почетокот на наредната година ќе се формира посебна комисија.

**За прв пат во историјата на пензионерската организација од почетокот на 2005 година секој последен петок во месецот во весникот „Нова Македонија" излегува јавното гласило „Пензионерски видици". Вашата оценка за ова гласило на пензионерите?**

Информирањето на пензионерите одсекогаш било актуелна тема. Идејата за пензионерско гласило небила одсутна во програмите на Сојузот.Минатата година му се сугерираше на ФПИОМ издавање на заедничко гласило во кое покрај пензионерските активности ќе се објавуваат и информации за работата на ФПИОМ.

Сегашната форма на информирање преку гласилото „Пензионерски видици" морам да признам е востановена и со ангажирањето на водителот на овој разговор. А морам да му изразам благодарност и на издавачот на весникот „Нова Македонија" господинот **Зоран Николов** што прифати да го издава ова наше гласило кое придонесува за поцелосно и навремено информирање на пензионерите за прашања од нивен интерес. Гласилото го оправда своето постоење. Прифатено е од добар број читатели меѓу кои во секој случај, предничат пензионерите. Очекувам во најскоро време соиздавач на ова пензионерско гласило да стане и Фондот на ПИОМ, што ќе придонесе прилогот да излегува почесто, барем два пати месечно, а во перспектива и седмично.

Во информирањето на пензионерите од неодамна се придружи и Македонската телевизија, емитувајки секоја недела од 10-11 часот емисија „Трета доба".

На крајот, на сите читатели на весникот „Нова Македонија" и на сите пензионери им посакувам добри остварувања во областа на културно забавниот и спортско рекреативниот живот,редовна исплата на пензиите и нивно зголемување и добро здравје и долг живот.

**Рзговорот го водеше Драги Аргировски, уредник на „Пензионерски видици"**

## Промоција

# Монографија за „Весели пензионери" од Пробиштип



Деновиве во Пробиштип беше промовирана Монографијата 30 години од Културно-уметничко друштво "Весели пензионери" од познатата новинарка **Милевка Здравковска.**

Под мотото верни на традициите во аманет на поколенијата Здравковска прикажувајќи го три деценискиот развој во збор и слика на КУД "Весели пензионери" констатира дека репертоарот на ова познато друштво е вистинска ризница на благороден и неодминлив фолклор. Ансамблот посебно го негува изворниот фолклор, како битен елемент за опстојувањето на секој народ.

Членовите на КУД "Весели пензионери" за извонредната и автентична изведба на изворниот фолклор имаат добиено бројни признанија, награди, дипломи и пофалници, меѓу кои и од фестивалите "Илинденски денови" во Битола, Долнени- Прилеп, во Охрид, како и на меѓународниот фестивал на фолклор во Загреб, во Стралджа - Бугарија и други.

Друштвото на пробиштипските пензионери со успех настапуваше и на трите регионални и Првата републичка фолклорна ревија на пензионерите.

Милевка Здравковска, како авторка на монографијата, успеала да собере богат материјал за тридецениското развој на КУД "Весели пензионери", за ентузијазамот на членовите, за песните и игрите и за традициите, како траен печат на времето.

**Д.Арг.**

## Признание

# Награда за животно дело на Анастасија Стојанова, пензионерка од Скопје



Пензионерскиот просветен работник и активист на Здружението на пензионерите на Центар-Скопје **Анастасија Стојанова** деновиве ја доби наградата за животно дело што ја доделува Активот на пензионери што делува во рамките на Домот на просветните работници во македонската метропола.

Во рамките на овој дом, се потсетува Стојанова, во 1993 година беше формиран Активот на пензионирани просветни работници, со цел осмислување на пензионерските денови, преку дружење, екскурзии, летување, забави, организирање на трибини, на чевствување и слично, а беше формиран и Универзитетот "Трето доба" и здружение на просветни работници-литературни творци.

Инвентивноста и креативноста на членовите на Активот постојано доаѓа до израз, особено во слободните активности при што се обновуваат старите пријателства и се создаваат нови. Еднаш годишно се распишува и конкурс за најдобар расказ, песна и книга, а се доделува и наградата за животно дело. Годинашнава добитничка Анастасија Стојанова ова признание го доби за нејзината богата активност како просветен работник и учебникар, за пензионерското ангажирање, за пишување новели за македонската жена и слично.

- Како просветен работник имам добиено повеќе награди, но оваа за животно дело секако ми е најдрага и ќе ми даде поттик за натамошно ангажирање во пензионерската организација и во творештвото, уште повеќе што досега ова признание го имаат добиено личности од просветата како што се: Лазо Каровски, Владимир Костов, Петко Домазетовски, Македонка Јанчевска, Тамара Арсовска, Славка Арсова, Бистрица Миркуловска, Сами Лимани и Љубица Неделова, вели годинашниов лауреат Стојанова.

Таа ја пофали сорботката со Здружението на пензионерите во општина Центар, каде што секој понеделник се одржуваат средби на пензионирани просветни работници, а секоја среда се организираат рекреативни прошетки во Градскиот парк.

**Д.Арг.**

## Афоризми

Животот е дар, но треба да знаеш да го примиш.

Возраста е состојба на умот.

Младоста живее од надежи, а староста од спомени.

Секој сака да живее долго, но не сака да остаре.

Младиот треба да стекнува, а стариот да го користи стекнатото.

Староста и љубовта не можат да се сокријат.

Во секој животен период може да се учи, само брзината не е иста.

Да се сеќаваш значи, да старееш.

Стар е само оној кој не сака да учи и оној кој не се надева.

Карактеристика на младоста е романтизам, а на староста ревматизам **С.Лазари**

Во младоста правиме глупости, а во староста за нив жалиме-Хемингвеј

Почнав да работам млад за да живеам, а сега работам за да останам млад - **Шевалие**

**Талес**, еден од седумте грчки мудреци, вака одговарал на прашања:

- Што е најтешко? - Да се познаваш самиот себе.
- Што е најлесно? - Да даваш совет на друг.
- Што имаат заедничко сите луѓе? - Надеж, бидејќи неа ја имаат и тие што изгубиле сè.

**Избор: К.С.А.**

## Новогодишна анкета



**Трајчо Стојанов, пензионер од Кавадарци**

Како член на ИО на СЗПМ и претставник на здруженијата на старосни и семејни пензионери од Кавадарци и Неготино посебно се ангажирав во активностите за подобрување на пензионерскиот стандард и олеснување на живеачката на припадниците на "третата доба". Меѓутоа, останува да се решаваат во текот на 2006 година пензионерските барања за пореално усогласување на пензиите, за регресот за годишни одмори, за укинување на партиципацијата за лекување на лицата над 65-годишна возраст, обезбедување на доволно лекови од позитивната листа, поштарината за пензиите да биде на товар на Фондот на ПИОМ како што беше некогаш и слично. Постигнатите резултати во областа на културно-забавниот и спортскиот живот на пензионерите и натаму треба да се надградуваат. Здружението на пензионерите во Кавадарци оствари повеќе активности, отвори нов современ пензионерски клуб и преку најразлични форми и облици на дружење постигнавме голем број наши членови да се вклучат или да ги следат активностите и манифестациите што ги организиравме. Како резултат на сето тоа ја добивме и Седмосептемвриската награда на општина Кавадарци.

Во наредната јубилејна и изборна година на пензионерската организација очекувам планираните активности во континуитет да се реализираат и да се оствари целосно разбирање и соработка со надлежните државни органи и институции.



**Арсен Илиевски, пензионер од Крива Паланка**

Има повеќе моменти што ми оставиле силен впечаток од пензионерскиот живот во 2005 година како што се другарувањето на пензионерите преку пензионерските спортски игри и културно-забавни ревии. Импресионира и начинот на кој и покрај скромните пензии се обезбедува егзистенција на поголем број семејства.

Во Новата 2006 година, со усвојувањето на Програмата за работа на СЗПМ и акциониот план за нејзина доследна имплементација, очекувам надлежните владини институции да придонесат за подобрување на животниот стандард на пензионерите, а особено да се најде можност пензионерите над 65-годишна возраст да бидат ослободени од плаќање партиципација за лекување, како што е пример и во земјите од Европската унија, а Република Македонија веќе стана кандидат за полноправно членство во Унијата.



**Методи Кепески, пензионер од Охрид**

Во изминатите неколку години во Охридското подрачје по се изгледа нерешлив проблем е снабдуваењето со лекови, што живот значат за пензионерите. Ова не се однесува само за време на туристичката сезона, туку и потоа, а редиците пред аптеките стануваат секојдневие, со нагласен недостиг на лекови од позитивната листа со што најмногу се погодени пензионерите со ниски пензии. Можеби реформите во здравството ќе го решат и тоа прашање.

И покрај вложените напори на сите нивоа сè уште не е решен проблемот со законското усогласување на пензиите, што, исто така, е од животна важност за пензионерите, бидејќи пензиите како да се "замрзнати" веќе цела деценија.

Во 2006 година ќе се одржат парламентарните избори, а пензионерската организација со околу 270.000 членови, е значаен електорат, така што ќе биде нужно нашите ставови по сите актуелни прашања од животниот стандард понагласено да ги изнесеме и да ги задолжиме новите пратеници за донесување нова законска регулатива за пореално усогласување на пензиите, за да не се случи своите барања да ги остваруваме преку тужби до надлежните судови.

Се надевам дека Новата 2006 година ќе биде и во знакот на решавањето на поголемиот дел од пензионерските проблеми, а во интерес и на побрзо интегрирање на Република Македонија во европското семејство.

Средба со **Хамди Мустафа**, заменик на директорот на Фондот на ПИОМ

# Со спроведување на реформите исплатата на пензиите нема да се доведе во прашање



Хамди МУСТАФА

**Менаџерскиот тим на Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија годинава презеде значајни чекори за оживотворување на пензиските реформи. Според тоа, како во целина се одвива програмата за реализација на реформите?**

Пензиските реформи се одвиваат според планираното, односно според предвидениот план и динамика, а институциите задолжени за имплементација на реформата во пензискиот систем досега успешно ја спроведуваат. Се наоѓаме пред крајот на стартот на имплементацијата на новиот пензиски систем и како што е планирано од почетокот на 2006 година со плаќањето на придонесите и подигнувањето на јануарската плата ќе започне да се применува новиот начин на наплата и распределба на придонесите преку Фондот на пензиското и инвалидското осигурување. Досега Фондот изврши верификација на релацијата обврзник-осигуреник, издаваше кодови за идентификација, подготви прирачници за обврзниците за пополнување на МППП образецот, го дистрибуираше клиентскиот софтвер до обврзниците, подготви препораки за адаптирање на системите за плата. Исто така, ги обучуваше обврзниците и сметководителите за користење на клиентскиот софтвер, како и вработените на Фондот за новите улоги во реформираниот пензиски систем.

Значајно е да се нагласи дека се веќе функционални три од софтверските модули кои се однесуваат на регистрирање на членовите во приватните пензиски фондови, клиентскиот софтвер и поднесување на МППП образецот. Модулот за плаќање и распределба на придонесот, како и за известување и затварање се во процес на тестирање. Со еден збор, Фондот е подготвен за пензиската реформа и нема причина за загриженост кај осигурениците.

А, освен тоа, и Светската банка за обнова и развој е целосно запознаена со текот на пензиските реформи. Притоа, позитивно ги оценува, е задоволна од досегашниот напредок и верува дека Македонија е блиску до успешно воведување на нов пензиски систем.

**Дали со спроведувањето на реформите во пензискиот систем ќе има последици за корисниците на пензија?**

Ќе одговорам директно, со спроведувањето на реформите во пензискиот систем ниту имало, ниту пак ќе има некакви последици за корисниците на пензија, односно исплатата на пензиите нема да биде доведена во прашање.

**Собранието на Република Македонија на 21 ноември оваа година, ги усвои измените на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, со што старите одредби за пензионирање ќе важат уште две години. Овие измени предизвикаа збунетост кај голем број вработени, кои деновиве најчесто го поставуваат прашањето, кои услови за пензионирање остануваат да важат?**

Ваквите измени навистина дојдоа неочекувано. Всушност, не се работи за враќање на старите услови за пензионирање во пакет, туку само за еден од условите за пензионирање, а тоа е пензиски стаж уреден со член 30 од преодните одредби во измените на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, објавен во Службен весник на РМ бр.24 од 2000 година. Поконкретно, со донесувањето на измените на Законот за пензиско и инвалидско осигурување, две години ќе важат условите според кои осигурениците кои на 1 септември 2000 година, имале најмалку исполнет стаж од 28 години (жена), односно 33 години (маж) ќе може да остварат право на пензија, односно кога жена ќе наполни 35 години стаж, а маж 40 години стаж, без оглед на возраста.

**Каква е постапката за доделување на кодот за идентификација?**

Сите фирми мора да имаат код за идентификација за електронско доставување на податоците, бидејќи заштитниот код , преставува виза за вклучување во електронскиот начин на уплата на пензискиот придонес што е во функција на пензиските реформи и заживувањето на Вториот приватен пензиски столб, кој треба да стартува од 1 јануари 2006 година. Со електронско доставување на податоците многу ќе им се олесни работата на фирмите, односно ќе се обезбедат и навремени и точни податоци за секој осигуреник одделно.

Што се однесува до постапката за доделување на кодот таа е сосема едноставна и временски е многу кратка. Имено, кодот за идентификација се доделува по претходно поднесено Барање од обврзникот до подрачните единици на Стручната служба на Фондот, доколку податоците за нивните вработени се усогласени со податоците утврдени во матичната евиденција на Фондот. Во спротивно фирмите ќе треба да ги корегираат грешките најмногу за три дена, по што ќе им биде издаден кодот. По подигањето на кодот, обврзниците ќе можат да го подигнат и бесплатниот софтвер, кој ќе им овозможи месечно доставување и контрола на податоците за плата. Оние обврзници кои подигнале код за идентификација , поднесуваат МППП образец во подрачните единици на Фондот по електронски пат(на дискета, УСБ порт или преку интернет), по што добиваат налог со фолио број во вид на баркод и податоци за плата и придонеси потпишани од обврзникот со кодот за идентификација. Со налогот, обврзникот може да подигне плати за своите вработени во банката депонент.

На ваков начин се овозможува подобра контрола на податоците, намалување на грешки, рационалност и контрола на точноста на пресметаните и уплатените придонеси.

**Како ја оценувате соработката со Сојузот на здруженијата на пензионерите на Макеонија и со другите пензионерски асоцијации?**

Фондот соработува со сите асоцијации на корисниците на пензија и активно учествува во разрешувањето на повеќе актуелни прашања и проблеми што се во интерес на корисниците на пензија. Мислам дека соработката со СЗПМ е на високо ниво, што особено го докажува Фондот во подготвеноста да се разреши долгогодишниот проблем со исплатата на средства за солидарниот фонд на Здруженијата, што е од взаемен интерес.

**Од почетокот на оваа година во весникот „Нова Македонија“ редовно излегува месечниот прилог за пензионерите „Пензионерски видици”. Какво е Вашето мислење за ова прво јавно гласило на пензионерите во Македонија?**

Сметам дека излегувањето на ваквиот прилог за пензионерите е од особено значење и е за поздравување, бидејќи преку тие прилози пензионерите, покрај теми кои се од нивни интерес се запознаваат и со повеќе прашања од областа на пензиското и инвалидското осигурување.

**Каква е актуелната финансиска состојба на Фондот, односно дали и натаму ќе продолжи редовната динамика на исплатата на пензиите?**

Поаѓајќи од фактот дека остварените приходи и расходи се движат во рамките на планираните средства со Буџетот на Фондот, може да се каже дека финансиската состојба на Фондот е стабилна. Така, се предвидува до крајот на 2005 година Фондот да ги оствари предвидените средства, со што ќе се овозможи извршување на сите обврски што произлегуваат од спроведувањето на пензиското и инвалидското осигурување, односно спрема корисниците на пензија. Исто така, и во однос на усогласување на пензиите, Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Македонија за 2005 година ги исполнил обврските спрема корисниците на пензија, согласно законската регулатива.

**Разговорот го водеа Анастасија Нелковска, и Драги Аргировски**

## Во посета на...

Здружение на пензионери Крива Паланка

# Позитивни искуства како поттик за идни активности



Славко Стојановски

Во градот под Осоговските Планини, во Крива Паланка, една од поактивните невладини организации секако е Здружението на пензионерите, во кое членуваат околу 2.250 пензионери кои живеат во општините Крива Паланка и Ранковци. При посетата на ова здружение се интересиравме за организационата поставеност, за тоа кои значајни активности имаа во текот на 2005 година, за проблемите во работата и за првичните планирани активности во Новата 2006 година, во која Сојузот на здруженијата на пензионерите на Македонија ќе ја одбележи 60-годишнината од формирањето на пензионерската асоцијација.

Секако, наш прв соговорник беше претседателот на Здружението на пензионерите **Славко Стојановски,** кој секогаш расположен за разговор, откако ни ја изнесе “личната карта“ на здружението истакна:

- Интересно е што по разни основи бројот на членовите постојано се зголемува. Организирани сме во шест ограноци и тоа во Крива Паланка, Жидилово, Дубровница, Мождивњак, Петралица и Ранковци, каде што има услови за почести контакти со членството и за активности. Ограноците ги имаат сите права, почнувајќи од најмалиот во село Дубровница, завршувајќи до најголемиот во градот Крива Паланка. Во годината што изминува работевме според усвоената програма, која речиси во целост е реализирана. Приоритетни прашања што беа поставувани и разгледувани на органите и телата, на Извршниот одбор и комисиите, беа зачувување на стандардот на пензионерите, нивната здравствена заштита и редовното снабдување со лекови. Веднаш да додадам дека се случуваше во аптеките да нема лекови од позитивната листа, така што пензионерите беа принудени да ги купуваат и да одвојуваат средства од пензиите и за таа намена, што во иднина не би требало да се случува. Меѓутоа, соработката со Здравствениот дом во Крива Паланка е на потребна висина, секогаш ни излегуваат во пресрет, со тоа што во градската амбуланта посебно се води грижа за здравјето на пензионерите.

Секретарот на Здружението **Љупчо Митровски** аргументирано зборуваше за значењето и работата на Солидарниот фонд, за неговото успешно функционирање, со тоа што за посмртни трошоци на семејствата на починатиот пензионер се исплаќа 24.000 денари, што е недоволно и се планира тој износ од нова година да се покачи на 26.000 денари. Според него сиромаштијата си го прави своето и дека проблемите треба солидарно да се решаваат заеднички на ниво на државата. Секретарот Митровски се задржа и на значењето на Клубот на пензионерите во Крива Паланка, кој во последно време успешно работи. Иако имало иницијативи ваков клуб да се отвори и во Ранковце и други места, како основен проблем се јавувал недостигот од пригодни простории.

Во разговорот се вклучи и **Љубиша Поцевски,** претседател на Комисијата за спорт, култура и информирање, при што најпрвин говореше за спортските активности кои започнуваат во базата натпреварување во шах, домино, пикадо, табла, карти и друго, со што се подготвуваат и за меѓуопштински спортски игри во седум дисциплини на кои учествуваат екипи од здруженијата на пензионерите од Кочани, Кратово, Крива Паланка, Пробиштип и Свети Николе. Посебно за одбележување, вели Поцевски, е добрата и успешна организација на Здружението на пензионерите од Крива Паланка на десетите регионални пензионерски спортски натпревари на кои учествуваа екипи од Куманово, Пробиштип, Крива Паланка и Кратово, а кумановските пензионери-спортисти како победници од овој регион станаа и севкупен победник на Десетите јубилејни пензионерски спортски натпревари на Македонија.



ЗП Крива Паланка - Домаќини на регионална спортска средба

Што се однесува за информирањето Здружението има добра соработка со локалната радио станица во Крива Паланка, а големо интересирање владее за “Пензионерски видици“ при што се согледуваат и идеи за нови активности. Оваа оценка ја потврди и претседателката на Активот на жените **Даринка Тасковска** која ја нагласи и потребата од поголема активност на пензионерската организација на полето на културните самодејности во општината.

Природата на овој регион и подарила убави излетнички места, како што е комплексот на манастирот “Св. Јоаким Крчовски“, каде што често престојуваат пензионери од сите краеви на нашата држава.

- Здружението на пензионерите од Крива Паланка организираше екскурзии до Охрид, Дојран и Пелинце, а има добра соработка со повеќе пензионерски асоцијации, со СЗПМ, како и со локалната самоуправа, вели претседателот Славко Стојановски, при што потенцира дека во 2006 година планираат нови активности, како и достојно одбележување на 60-годишниот јубилеј на пензионерската организација во Македонија. Дотолку повеќе што во Новата година треба да се одржат и изборните активности на Здружението на пензионерите, со сумирање на резултатите од активноста во изминатите четири години и утврдување на програмските задачи за наредниот период.



**Д. Аргировски**

## Од мојот агол

# Најмладите и највозрасните

Беше убаво чуството да се биде дедо или баба на приемот што во нивна чест го приредија првоодделенците од училиштето „Партенија Зогравски" во ноември, 2005 година. Возбудата и восхитот кај децата беше видлив со секое нивно движење. Тие се потрудија да покажат што научиле за првите три месеца од нивното школување и што подготвиле за да ги поздрават, расвеселат и да ја покажат својата љубов кон највозрасните членови на своите пошироки семејства.

Бабите и дедовците одамна не почуствувале толку многу внимание, почитување и особено беа горди што се дел од една убаво замислена и изведена воспитно-едукативна лекција, која нивните внуци, веројатно ќе ја помнат во текот на целиот нивен живот. Бабините колачиња и пити беа награда за вредните ученици и доказ дека и највозрасната генерација има што да покаже.

Додека ја гледав играта на веселите дечиња, неосетно и самиот се навратив во своето детинство и своето училиште. Се вратив назад години, дури децении и времепловот се запре на учебната 1946/1947 година, училиштето"Даскалот Димката Ангелов-Габерот ", во Кавадарци и драгата учителка Љубица Каламчева. Лекциите, што ги научив од мојата прва учителка, а посебно да се почитуваат постарите и да им се помага на послабите, ме следат во тек на целиот мој живот. И денес во полн градски автобус погледнувам дали треба некому да му го отстапам своето седиште. Честопати жалам што такви прилики има се помалку. Се чини дека мојата генерација сака повеќе да пешачи од здраствени причини.

Резултатите од новите педагошки методи кои од оваа учебна година почнаа да се применуваат во училиштето „Партенија Зогравски" веќе се видливи кај децата како на образовен така и на воспитен план. Воспитувањето и социјализацијата на младата подолг пензионерски стаж? Ако ги изоставиме материјалните потреби, чии недостаток го чуствуваат како младите и најмладите така и возрасните и највозрасните, потребите на највозрасните ќе се сведат на општо човечки потреби и вредности како што се ценење на тоа што е направено во одредени услови, благодарност за тоа малку што сеуште се прави, почитување на индивидуалноста на секоја личност, разбирање за разликите во потребите и сваќањата и слично. Дека не се потребни големи напори и трошоци за да се задоволат желбите (и потребите) на највозрасните покажаа токму најмладите - првооделенците од "Партение Зогравски", потпомогнати со несебично и инспиративно залагање на нивната учителка Верче и педагогот.

Желбите и потребите на највозрасните, во еден поширок опсег, ќе се обидеме да ги илустрираме преку искажување на неколку пензионери, изнесени спонтано во разни прилики.

-Со зетот и ќерката често се слушаме и гледаме. Тие често не бараат да им помогнеме околу децата. Ние тоа го сметаме за наша нормална и пријатна должност. Немаме што да им забележиме за нивниот однос кон нас. Сепак, пред извесно време со сопругот константиравме дека на обајцата не им паднало на ум да не поканат на обичен кафе муабет", да не консултираат за нешто или да не поканат на заедничко дружење.

-Синот ми понуди заедничко учество во еден негов бизнис. Побарав да го разгледам бизнис планот. Ми одговори дека модерните бизнисмени не губат време во изготвување на планови и тоа го илустрира со работата на повеќе македонски успешни бизнисмени. Иако објаснувањето делуваше убедливо, сепак, не го прифатив овој начин на работа.

-Се обидов да зборувам со зетот за неговиот бизнис и ја понудив мојата помош.



Дедо и внук

генерација, се чини беше запоставена во нашиот образовен систем, се покажува како важен фактор за изградба на здраво цивилно општество. Честопати младите не се подготвени да се спротистават на разни негативни предизвици. Училиштето и домот, каде што пак најстарата генерација треба да го даде својот придонес во негувањето на македонските традиционални вредности, треба да бидат главни фактори за воспитување на децата.

Да се вратиме на највозрасните лица. (Овој збор не само што е поубав туку и посоодветен од често употребуваниот - стари лица.) На приемот беа многу баби и по некој дедо, сепак не забележав ниту едно старо лице ! Можеби младоста и вниманието со кое беа опкружени бабите и дедовците направи тие да се чуствуваат и изгледаат млади. Приемот беше организиран во согласност со "Средбата на подмлаткарите" и во текот на "Неделата за грижа за стари лица". Ако не беше поканата од мојот внук, јас немаше да ја забележам ниту одбележам неделата за грижа за стари лица. Помислив дека таа акција и грижа се однесува на некои други постари лица со некакви посебни потреби.

Сепак, какви се потребите и желбите на највозрасните лица, оние со пократок или

Ми одговори дека работата, за денешни услови, оди добро и дека нема зошто да се секирам. Мојата понуда за помош не можел да ја прифати, бидејќи сум бил компјутерски неписмен и дека условите на пазарот се сосема поинакви од оние што јас ги познавам.

-Младите еколози од Министерството за екологија се однесуваат како тие да ја измислиле екологијата. Работите што сега ги предлагаат и воведуваат беа актуелни и се практикуваа уште пред дваесетина години. Зошто не сакаат да вклучат некој од пензионерите во работата на некоја комисија или проект? На тој начин ќе се воспостсви некаков континуитет во работата, а не секогаш да се почнува од почеток.

-Претпријатието во кое работев и понатаму пропаѓа. Тоа го доживувам многу болно, како да пропаѓа мојата четериесетгодишна работа. Менаџментот како да нема решение. Лек ќе се најде ако искрено се бара и се сака да се најде. Ние пензионерите со задоволство би помогнале ако тоа се побара од нас.

Како заклучок можеме уште да додадеме дека пензионерите би сакале да се присутни и полезни во сите пори на општеството.

**Драго Стојанов**
**пензионер од Скопје**

## Портрет

# Другарување со шахот и поезијата

Длабоко во душата на 68-годишната **Вера Огњанова** уште од раната младост се вгнездила љубовта кон шахот и поезијата.

Родена е 1937 година во светиниколското село Гуробинци, а од 1952 година живее во Штип. Го изучила шивачкиот и плетачкиот занает. Повеќе од работниот век го поминала во Памучната индустрија "Македонка" во градот под Исарот. Во 1986 година заминува во пензија како инвалид на трудот.

За да го направи својот живот поинтересен, покрај исполнувањето на обврските кон своето семејство, Огњанова наоѓа слободно време да им се посвети и на своите две најголеми страсти - шахот и поезијата.

Шахот го научила уште како мало девојче од својот татко Ставре Додев. Се има натпреварувано на повеќе шаховски турнири, особено во спортските натпревари на пензионерите и трудовите инвалиди на државно и регионално ниво. Екипно, досега има освојувано пет пати прво место и два пати второ место. Има освојувано и поединечни награди на разни шаховски натпревари и турнири.

Огњанова се занимава и со пишување на поезија. Долгогодишен



член е на Литературниот клуб "Искра" од Штип. Во 2003 година ја објави стихозбирката "Бисерно грло". Свои песни има објавено во традиционалниот алманах "Искра", што секоја година се издава по повод ослободувањето на градот Штип. На полето на поезијата е наградена и на конкурсот на "Семејна палета" при МРТВ.

Оваа неуморна жена со својот сопруг Стево, има одгледано и исшколувано две ќерки - Весна и Снежана и четири веќе возрасни внучиња.

- Се додека сум на нозе, не се одвојувам од шахот, поезијата и книгите бидејќи сакам и многу да читам - ни рече љубезно Вера Огњанова при нашата средба со неа.

**Трајко Босеовски**

### Поезија

Ако не ја сакав поезијата
ќе немав вентил во душата
Ако не ја сакав поезијата
ќе ја пиев горчината на времето

Ако не ја сакав поезијата
ќе бев не плодно дрво
Ако не ја сакав поезијата
ќе ја немав светлината на денот

Ако не ја сакав поезијата
ќе бев птица во кафез
Со крилјата на поезијата
го запознав светот
и виножитото на цветот.

**Автор,**
**Вера Огњанова**

## Избор

По растечкиот проблем на злоупотреба на повозрасните жители

# Јапонија со закон ги заштити постарите лица

- Јапонија, една од земјите во светот која бележи најбрзо стареење на населението, изгласа закон со кој ќе се спречи злоупотреба на постари лица, што е еден од првите чекори што ги презема власта за да се справи, како што велат експертите, со растечкиот проблем. Злоупотребата на постари лица не се случува само во Јапонија, но првите обелоденувања на вакви случаи во минатата година длабоко го потресоа општеството кое многу ги почитуваше своите постари жители, па дури и има национален празник во нивна чест. Новиот закон, кој ќе стапи во сила во април 2006 година, ќе ги заштити правата на постарите лица, со тоа што ќе бара од оние што ќе забележат таква злоупотреба да ги информираат локалните власти, кои потоа ќе треба да спроведат истрага за секој пријавен случај во соработка со полицијата. "Конечно, Јапонија поставува некои стандарди што ги има во другите земји во светот", изјави Соџи Танака, професор на Токискиот универзитет „Нихон" и еден од водечките експерти за злоупотреба на постари лица во Јапонија. „Цели 14 години работев на изготвување на овој закон, додека политичарите конечно не почнаа да слушаат", додаде тој.

Според новиот закон, "злоупотребата се дефинира како напад што може да предизвика физичка повреда, вербална злоупотреба, недавање нега и погрешно менаџирање со имотот на постарите лица. Злоупотребата на постари лица се препознава како проблем во САД и во некои европски земји уште од почетокот на осумдесеттите години, вообичаено минувајќи ги економските граници, и опфаќа злоупотреба од физичка и психолошка природа до запоставување и економска злоупотреба, како присвојување на заштедите и пензиите. Јапонија не е ништо поразлична од другите земји. Меѓутоа, дури во април минатата година беше обелоденето првото истражување за злоупотреба на постари лица кога беа забележани 1.991 такви случаи. Иако овој број е мал во споредба со оној во САД, каде што живеат двојно повеќе жители отколку во Јапонија и каде што живеат и каде што се проценува дека бројот на таквите случаи изнесува 551.000 се забележани во извештајот направен кон крајот на деведесеттите години, експертите наведуваат дека вистинската бројка, најверојатно, изнесува 10.000 случаи, и дека злоупотребата бележи нагорна линија.

Еден уникатен аспект во злоупотребата на постари лица во Јапонија е релативно високиот број постари што живат со нивните возрасни деца, како резултат на традициите кои долго време наведуваа дека грижата за старите родители е должност на децата, особено на постарите синови. Со оглед на тоа дека во основа најдобро е грижата за нив да им се доделили на службите за поддршка на таквите лица, експертите не се изненадени од тоа што во извештајот се наведува дека 32 отсто од оние што ги извршуваат тие злоупотреби се синовите, а 21 отсто нивните сопруги, односно оние што се грижат најмногу за нив. Некои наведуваат, пак, дека повеќето од случаите излегоа пред јавноста по 2000 година поради новиот закон со кој се зголемува бројот на оние лица што даваат домашна нега, па со тоа се дозволува на разни лица да влегуваат во приватните домови.

*(Ројтерс)*

### Како да доживеете 100 години?

Јапонскиот магазин „Ниппон Ронен Игаккаи Зассхи", ги објави резултатите од истражувањето направено со 4.152 испитаници во Јапонија, чии резултати веќе се преточени во совети за живеење со кои ќе се доживеат 100 години.

Формулирани во кратки реченици, четирите заповеди за доживување на стотата година од животот, кои се резултат на споменатото истражување, се:

1. Јадете многу протеини
2. Намалето го нивото на внесени калории во организмот
3. Спијте доволно долго
4. Живејте во околина каде што има одлични медицински установи.